РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање од Министерството за внатрешни работи, во врска со спроведување на член 42 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка во ситуација кога, при отуѓување на движен и недвижен имот од страна на Агенцијата за управување со одземен имот на РСМ како купувачи се јавуваат членови на потесното семејство на вработени во Агенцијата, односно по завршување на постапката со недвижен имот се стекнале лица кои се во роднински врски со вработени лица во истата Агенција.

Имено, од Државната комисија се бара толкување дали иако законодавецот го навел само вработениот во Агенцијата, дали истата одредба се однесува и на членовите на неговото блиско семејство, имајќи го предвид влијанието, достапноста на податоци и можноста за злоупотреба која може да се појави доколку на јавното наддавање учествуваат лица од потесното семејство на вработен во Агенцијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси":
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон: Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Со член 50 од истиот Закон е предвидена забрана за злоупотреба на службени податоци кај службените лица при вршењето на јавните овластувања и службени должности и тоа:

Адреса: „Пресвета Богородица" бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.
(3) Лицето од ставот (1) на овој член не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна согласно со закон."

Согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено како секое службено лице треба да постапува во ситуација кога ќе се најде во состојба на судир на интереси и тоа:
Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен."
Член 75 став (1)
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."

Со член 58 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на РСМ, бр. 64) е предвидено кои субјекти не можат да учествуваат во постапките за јавното наддавање и тоа:

„Во постапките за продажба, отстапување или давање под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат во движни и недвижни ствари, како купувачи или закупувачи не можат да се јават вработените во Агенцијата или други лица кои службено учествуваат во постапката за продажба или учествувале во кривичната или прекршочната постапка, како и осуденото или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка.
**Во постапките за продажба, отстапување или давање под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат во движни и недвижни ствари, како купувачи или закупувачи не можат да се јават ниту брачниот или вонбрачниот другар или роднина во права линија или до четврти степен во странична линија на вработените во Агенцијата или**

**на други лица кои службено учествуваат во постапката за продажба или учествувале во кривичната или прекршочната постапка, како и брачниот или вонбрачниот другар или роднина во права линија или до четврти степен во странична линија на осуденото или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка.**
**Во постапките за продажба, отстапување или давање под закуп на одземените предмети или конфискуван имот што се состојат во движни и недвижни ствари, како купувачи не можат да се јават ниту правни лица или одговорни лица во правните лица или бранителот или правниот застапник на правно лице во кое осуденото лице од кое што е конфискуван или одземен имотот се наоѓа како сопственик на најмалку 25% од сите акции или пак се наоѓа на раководна позиција во тоа правно лице.**
Лицата од ставовите 1, 2 и 3 на овој член се должни да достават писмена изјава заверена на нотар за исполнување на условите."

Согласно член 81, 82 и 83 од истиот Закон:
Член 81
„Постапките за продажба започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18).„

Член 82
"Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 98/2008, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18)."

Член 83
„Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Во врска со толкувањето на член 42 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Државната комисија известува дека во Службен весник на РСМ бр. 64 од 19.03.2024 година е објавен и во сила е нов Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), каде во горецитираниот член 58 од истиот закон се предвидени забрани за тоа кои субјекти не можат да учествуваат во постапките за јавното наддавање. Но, со член 81 од истиот закон е уредено дека постапките за продажба започнати до денот на влегувањето во сила на новиот Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) ќе се завршат согласно со одредбите

од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18).

Државната комисија е на став дека доколку се работи за постапки за продажба, а каде е применлив член 42 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и тоа: „Купувачи не можат да бидат вработените во Агенцијата или други лица кои службено учествуваат во постапката за продажба, како и осуденото или лицето против кое се водела судската или прекршочната постапка.“, односно во врска со Вашето барање дали истата одредба се однесува и на членовите на блиско семејство на вработено лице во Агенцијата за конфискуван имот на РСМ, Државната комисија известува дека согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за толкување на одредби од други закони по кои постапуваат институции, односно не може да се произнесе во врска со горенаведеното прашање.

Државната комисија укажува на тоа дека секое службено лице, вклучувајќи ги и лицата кои се вработени во Агенцијата за конфискуван имот на РСМ, треба да внимаваат на секоја ситуација при вршењето на нивните јавни овластувања и службени должности кои може да ги доведат до состојба на потенцијален или реален судир на интереси.

Имено, Државната комисија е на став дека во ситуација кога се отуѓува недвижен или движен имот од страна на Агенцијата, покрај предвидената забрана од член 42 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 98/2008, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/2015 и 64/18), како и забраната од член 58 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*), вработените лица од Агенцијата кои учествуваат во постапката за отуѓување треба да ги имаат во предвид и да постапуваат согласно горецитираните одредби од член 72 став (1) и (2) и член 75 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи во спротивно ќе се доведат во состојба на судир на интереси согласно член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија исто така смета дека, доколку блиски лица на вработените лица од Агенцијата кои учествуваат во постапката за отуѓување се јават како купувачи на движен или недвижен имот, постои ризик од прекршување на одредбите од член 50 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси како и на Начелото на интегритет.

Член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - Начело на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Претседател

Татјана Димитровска